РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
08-107/10
22.03.2021 год.
ПРОБИШТИП

23.03.2021
04 36/2

Врз основа на член 50 став 1 точка 9 и член 63 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002), член 38 став 1 алинеа 11 од Стаутот на општина Пробиштип (Службен гласник на општина Пробиштип бр.4/2005) Градоначалникот на општина Пробиштип донесе:

# РЕШЕНИЕ

## За изменување на Решението за избор на Директор на Општинската установа Дом на култура „Злетовски Рудар" од Пробиштип

1. Со ова решение се врши изменување на Решението за избор на Директор на Општинската установа Дом на култура „Злетовски Рудар„ Пробиштип бр. 08-107/6 од 12.02.2021 година и тоа:
   Во точка 2 се менува датумот и наместо „01.03.2021 година " ќе стои „23.03.2021 година ".
2. Решението за изменување стапува во сила со донесувањето.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Градоначалникот на општина Пробиштип распиша јавен оглас за избор на директор на Општинската установа Дом на култура „Злетовски Рудар"од Пробиштип бр. 08-107/2 од 27.01.2021 година кој беше објавен во дневните весници Дневник, Вечер и Коха на ден 29.01.2021 година и врз основа на доставената една пријава и записникот од Комисијата за разгледување на документи изврши избор на Директор со Решение бр. бр. 08-107/6 од 12.02.2021 година.

Од причина што согласноста за обезбедени финансиски средства од Министерството за финансии бр. 18-2307/2 од 15.03.2021 година преку Министерството за култура бр.44-1913/4 од 18.03.2021 година е добиена на ден 22.03.2021 година, се врши изменување на Решението како што е наведено во диспозитивот.

**Упатство за правно средство:** Против ова решение незадоволната странка има право на жалба во рок од 15 дена по приемот на решението, преку општина Пробиштип до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Доставено до:
-Директор
-Дом на култура
-Архива

Изготвил, Јованка Данева

Градоначалник
на општина Пробиштип
Драган Анастасов

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Бр. 08-107/6
12.02 2021 год.
ПРОБИШТИП

23.03.2021
04 36/1

Врз основа на член 50 став 1 точка 9 и член 63 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002), член 38 став 1 алинеа 11 од Стаутот на општина Пробиштип (Службен гласник на општина Пробиштип бр.4/2005) Градоначалникот на општина Пробиштип донесе:

# РЕШЕНИЕ

## За избор на Директор на Општинската установа Дом на култура „Злетовски Рудар" од Пробиштип

1. За директор на Општинската установа Дом на култура „Злетовски Рудар" од Пробиштип **СЕ ИЗБИРА** Сандра Мијалковска родена 04.06.1988 година, со живеалиште на ул.Миро Барага бр.6 Пробиштип.
2. Решението стапува во сила од 01.03.2021 година.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Градоначалникот на општина Пробиштип распиша јавен оглас за избор на директор на Општинската установа Дом на култура „Злетовски Рудар"од Пробиштип бр. 08-107/2 од 27.01.2021 година кој беше објавен во дневните весници Дневник, Вечер и Коха на ден 29.01.2021 година.

Во законскиот рок по јавниот оглас пријава достави само еден кандидат. Градоначалникот со решение бр. 04-107/3 од 27.01.2021 година формира Комисија за разгледување на документите на пријавените кандидати по јавниот оглас за избор на Директор на Општинската установа Дом на култура „Злетовски Рудар" од Пробиштип, која ја разгледа поднесената пријава со приложените документи од пријавениот кандидат Сандра Мијалковска од Пробиштип и констатира дека кандидатот во целост ги исполнува условите согласно јавниот оглас и со записник бр. 08-107/5 од 09.02.2021 година ги достави документите на Градоначалникот со предлог лицето Сандра Мијалковска да биде избрана за Директор.

Врз основа на Записникот од Комисијата а посебно ценејќи ја предложената Програмата за работа и развој на општинската установа Дом на култура „Злетовски Рудар" од Пробиштип, Градоначалникот на општина Пробиштип донесе решение за Директор на Општинската установа Дом на култура „Злетовски Рудар" од Пробиштип се избира Сандра Мијалковска.

**Упатство за правно средство:** Против ова решение незадоволната странка има право на жалба во рок од 15 дена по приемот на решението, преку општина Пробиштип до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Доставено до:
-Директор
-Дом на култура
-Архива
Изготвил, Јованка Данева

Градоначалник
на општина Пробиштип
Драган Анастасов